Архивски број: 08-33/3
18-02-2022 Година

Постапувајќи по претставката бр. 08-33/1 од 20.01.2022 година, поднесена од [redacted] против Општинска јавна установа – Детска градинка „Астибо“ – Штип и раководното лице - директор [redacted] за извршена дискриминација по основ на пол, род, семејна или брачна состојба, родов идентитет и врз основ на дискриминација на родителско право во областите на работа и работни односи и образование, наука и спорт, согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 18.02.2022, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за отфрлање на претставка заради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** поднесената претставка за заштита од дискриминација поради тоа што постапувањето по наведениот проблем не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**Образложение**

На 20.01.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против Општинска јавна установа – Детска градинка „Астибо“ – Штип и раководното лице - директор [redacted] за извршена дискриминација по основ на пол, род, семејна или брачна состојба, родов идентитет и врз основ на дискриминација на родителско право во областите на работа и работни односи и образование, наука и спорт.

Подносителот на претставката тврди дека бил на разговор кај директорката на ОЈУДГ „Астибо“ – Штип поради следење на активностите на неговиот син во Фејсбук група, од која претходно бил исфрлен како разведен родител. На ден 03.12.2021 година подносителот на претставката повторно имал средба со директорката на која му било побарано да достави решение од Центарот за социјална работа. По извршена консултација со ЦСР, донесен бил заклучок дека не постои никаква пречка за присуство на подносителот на претставката во Фејсбук групата кон која барал да биде приклучен, согласно решението донесено од страна на ЦСР.

После разгледувањето на наводите од претставката Комисијата одлучи дека **постапувањето по проблем не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.**

Во членот 21 од истиот закон таксативно се набројани законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно кои Комисијата **нема надлежност и стручност** да ја оценува работата на стручниот тим во Центарот за социјална работа Штип.

Согласно член 40, став 6 од Законот за општата управна постапка јавниот орган кој ќе утврди дека не е надлежен за работа по примен поднесок, службеното лице на овој орган ќе го предупреди на тоа подносителот и ќе го упати до јавниот орган надлежен за прием. Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го упатува подносителот на претставката да бара извршување на решението донесено од страна на ЦСР Штип, со кое му се дозволува приклучување до Фејсбук групата до која сакал да пристапи, со цел остварување на неговото родителско право.

Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Претседател
Кире Василев

**Правна поука:** Ова решение е конечно, а против истото може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управниот спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Примерок од Решението се достави до:
1. [redacted]
2. Архива на КСЗД



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk